универзитетски гласник

**Издавач**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Главен и одговорен уредник**
*М-р Илија Пиперкоски*

**Уредник**
*Марија Маневска*

**Лектор**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување**
*Зоран Кордоски*

**Печати**
*Боро Графика*

# СОДРЖИНА

**Правилник** за донесување студиски програми ........................................................3

**Ппрaвилник** за донесување и реализација на заеднички студиски програми во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје .......................................9

Врз основа на член 12, став 1, алинеја 5 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.35/2008, бр.103/2008 и бр.26/2009) и член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 10. седница одржана на 18.6. и 6.7. 2009 година, го утврди следниов

# П Р А В И Л Н И К
## за донесување и реализација на заеднички студиски програми во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат донесувањето, начинот на организирање, управувањето и изведувањето високообразовна дејност на заеднички студиски програми во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

Студиска програма за заеднички студии е студиска програма која се организира од повеќе единици во рамките на Универзитетот.

Студиска програма за заеднички студии може да се организира во првиот, вториот и третиот циклус на студии согласно со закон и со Статутот на Универзитетот.

**Член 3**

Студиска програма за заеднички студии може да се организира како постојана или како студиска програма за определено време.

**Член 4**

Постапката за донесување на заедничка студиска програма се врши согласно со одредбите од Правилникот за донесување студиски програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Органи за реализација на заедничките студиски програми**

**Член 5**

Органи задолжени за реализацијата на наставно-образовниот процес на заедничките студиски програми се: наставно-научен совет, колегиум и раководител. По потреба, заедничките студии можат да имаат и друг орган предвиден со проектот за основање на студиската програма.

***Наставно-научен совет***

**Член 6**

Наставно-научниот совет го сочинуваат лица избрани во наставно-научни звања кои ја изведуваат наставата на заедничките студии, претставници на соработниците и на студентите. Бројот на соработниците и на студентите го утврдува Ректорската управа со одлуката за организирање на заедничките студии.

Надлежности на наставно-научниот совет се:

- да предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на студии;
- да утврдува еден или повеќе кандидати за раководител;
- да избира членови во колегиумот на студиската програма;
- да врши и други работи утврдени со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

Колегиум

**Член 7**

Колегиумот го сочинуваат седум члена, од кои еден е раководителот, три члена избира наставно-научниот совет на студиската програма, а три члена, по предлог на ректорот, избира Ректорската управа.

Колегиумот го свикува и со него раководи раководителот.

Колегиумот на студиската програма е надлежен за:

- спроведување на конкурсот за упис на нови студенти во прва година;
- организирање на наставата (распореди, сесии);
- дефинирање на финансиските потреби на наставата;
- други работи поврзани со организирањето на наставата.

Раководител

**Член 8**

Наставно-научниот совет утврдува предлог за раководител на студиите.

Ректорот на Универзитетот, врз основа на предлогот од претходниот став на овој член, го избира раководителот на заедничките студии за време од 4 години, со право на повторен избор.

За својата работа, раководителот е одговорен пред наставно-научниот совет и пред ректорот. Ректорот може да го разреши раководителот, по предлог на Наставно-научниот совет.

Раководителот до ректорот доставува годишен извештај за реализација на заедничката студиска програма.

**Вршење надзор**

**Член 9**

Надзор над работата на органите на заедничките студии врши ректорот на Универзитетот, со права, должности и одговорности согласно со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

**Студенти**

**Член 10**

Студентите своите права и обврски ги остваруваат пред органите на заедничките студии согласно со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

**Јавни исправи**

***Диплома***

**Член 11**

Дипломите за завршени заеднички студии ги потпишува ректорот на Универзитетот.

***Други јавни исправи***

**Член 12**

Другите јавни исправи (индекс, уверение, студентска легитимација и др.) ги потпишува раководителот на студиите.

***Друга документација***

**Член 13**

Другата документација ја потпишува раководителот на студиите.

***Употреба на печатот на Универзитетот***

**Член 14**

За јавните исправи и другата документација се користи печат на Универзитетот со посебно утврден реден број.

Одговорно лице за употреба на печатот на Универзитетот е раководителот на заедничките студии.

Раководителот на студиите може да овласти други лица за користење на печатот од ст. 1 на овој член.

**Стручни, административни и технички работи**

**Член 15**

Стручните, административните и техничките работи на заедничките студии ги врши стручна служба на една од единиците на Универзитетот, односно на единиците на Универзитетот со посебна одлука.

Одлука за водење на стручните и административните работи, по предлог на колегиумот на заедничката студиска програма, донесува ректорот на Универзитетот.

Кога студиите ги организира Универзитетот непосредно, стручните, административните и техничките работи ги извршуваат вработените во Стручната служба на Универзитетот.

Кога стручните, административните и техничките работи ги извршуваат единиците на Универзитетот се склучува посебен договор во кој се уредуваат правата и обврските на единиците - учесници во студиската програма и на Стручната служба на Универзитетот.

***Примена на општите акти***
**на Универзитетот и на другите прописи**

**Член 16**

За целокупната реализација на заедничката студиска програма се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот.

**Член 17**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**